**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА**

# ОДЛУКА

**за**
**измена и дополнување на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола**

**март, 2015 година**

Врз основа на член 45 т.16 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-469/I-2 од 21.01.2015 година ( пречистен текст) Собранието на Банката на својата XXXVI-та седница одржана на ден 25.03.20154 година

# ОДЛУКА

## За измена и дополнување на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола

### Член 1

Во Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) НО бр. 02-2800/1-5 од 05.06.2013 година, ревидиран на седница на НО бр. 02-2031/II.2-12 од 24.04.2014 година, во членовите 69, 82, 97, 98, 99, 100 и 101 називот „Служба за внатрешна ревизија„ се преименува и гласи: „Сектор за внатрешна ревизија''.

### Член 2

Во делот II. ПРИНЦИПИ НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ, точка 4 став 2 се менува и гласи:

„Во Банката е формирана посебна организациона единица – Служба за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите која се грижи за поддршка и организирање на активностите поврзани со корпоративното управување, и обезбедува правилна примена на законските прописи ''.

Точка 6 се менува и гласи:

„ Собранието на Банката избира друштво за ревизија од редот на независните професионални ревизорски институции и го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија доставен до него. Собранието на Банката избира членови на Одборот за ревизија кој се грижи за точност и транспарентност на објавените финансиски информации за работењето на Банката.
Надзорниот одбор на Банката организира сектор за внатрешна ревизија, како независен организационен дел во Банката кој врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Банката.

Воедно, Управниот одбор на Банката именува независна организациона единица или лице за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите, која единица/лице е одговорна/о за идентификација и следење на ризиците од неусогласеноста на работењето на банката со прописите''.

Точка 8 став 2 се менува и гласи:

„Принципот на независност е принцип кој на сите сите членови на органите на надзор и управување, лицата со посебни права и одговорности и за останатите вработени во Банката им укажува на потребата за нивна бескомпромисна борба наспрема сите обиди за било каково влијание врз нив''.

Точка 9 став 2 се менува и гласи:

„ При определување на информациите кои ќе бидат објавени, Банката согласно законските прописи води грижа за обврската за заштита на доверливите информации, информациите кои претставуваат деловна тајна, ценовно чувствителните информации и сл.''.

Точка 10 став 2 се менува и гласи:

„ Доверливите информации од страна на Банката може да бидат соопштени или објавени единствено и само во случај и на начин предвиден со закон ''.

**Член 3**

Во дел III. ПОСТАПКА ЗА СВИКУВАЊЕ НА СОБРАНИЕТО НА БАНКАТА, ПОСТАПКА ЗА ГЛАСАЊЕ И ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ, точка 1 став 4 се менува и гласи:

„ Барање за свикување на седница на Собрание можат да поднесат и акционерите кои имаат најмалку 1/10 од сите акции со право на глас''.

Точка 2 став 6 се менува и гласи:

„Резултатите од гласањето по предлог-одлуките на Собранието, како и измените на Статутот на Банката се објавуваат на web. страницата на Банката, како и на интернет страница на Македонската берза на хартии од вредност''.

**Член 4**

Во дел IV. СОРАБОТКА ПОМЕЃУ НАДЗОРНИОТ И УПРАВНИОТ ОДБОР, ВИДОТ, РОКОВИТЕ И НАЧИНИТЕ НА КОИ УПРАВНИОТ ОДБОР ДОСТАВУВА ИНФОРМАЦИИ И ДОКУМЕНТИ ДО НАДЗОРНИОТ ОДБОР И НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СИТУАЦИИ КОГА ПОСТОИ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, став 12 се менува и гласи:

„Управниот одбор на Банката најмалку еднаш годишно изготвува и доставува до Надзорниот одбор извештај за своето работење, како и извештај за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола''.